# НОВА ИСКРА

## МАРКСИСТИЧКИ ГЛАС НА РАБОТНИЦИТЕ И МЛАДИНАТА

Година II - број 4 || АПРИЛ 2022 || ©издава Марксистичка организација „Црвени“



## ИМПРЕСУМ

НОВА ИСКРА

*марксистичко списание за работници и младина*

**Издава:**

Марксистичка организација „Црвени“

**Контакт:**

mo.crveni.mk@gmail.com
ФБ: @novaiskra.page

075/520-508
075/629-809

http://novaiskra.mk/

# ЗА НАС

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвени имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Граѓанските теоретичари на либерална и конзервативна определба, од кои многумина беа „комунисти“ до вчера, со години нѐ убедуваат дека марксизмот е надминат и дека слободниот пазар нема алтернатива. Тие главно го наведуваат распаѓањето на Советскиот Сојуз и другите сталинистички држави како примери. Во реалноста, колапсот на земјите од Источниот блок и слични држави не значи дискредитирање на социјализмот, туку пропаѓање на деформираните работнички држави, банкротот на сталинистичките режими чие бирократско раководство го фалсификуваше марксизмот и идеите на Маркс, Енгелс и Ленин со цел да ја извадат моќта од рацете на работниците.

Изворните идеи и практики на комунизмот не се спротивставуваат на демократското одлучување. Напротив, комунизмот може да успее само ако произлезе од најдемократскиот облик на управување – од демократијата на работниците, демократија што почива врз моќта на работничките совети. Нашата цел е да го реафирмираме марксизмот како единствена соодветна алатка за критичен и научен пристап за објаснување и решавање на неодложните социјални проблеми. Капитализмот се покажа како непријател на човештвото и околината, во која слободите на човечките суштества се жртвуваат на слободниот пазар и кој не знае други социјални интереси освен интересите на мал број сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот јасно се заклучува дека во капитализмот, огромното мнозинство го следи само мизерија и ропство на „работодавците“ заради обичен опстанок. Нема причина секој работен човек да се согласи на такво нешто.

**ПОИНАКВО ОПШТЕСТВО Е МОЖНО И НЕОПХОДНО!**

# СОДРЖИНА

УКРАИНА - УЖАС НА ИМПЕРИЈАЛИЗМОТ 4

МАКСИМАЛЕН КАПИТАЛИЗАМ СО МИНИМАЛНА ПЛАТА 10

ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА – КОЈ ЌЕ ЈА ПЛАТИ СМЕТКАТА? 14

ВРАЌАЊЕ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО НАСЛЕДСТВО НА РОЗА ЛУКСЕМБУРГ 17

## УКРАИНА – УЖАС НА ИМПЕРИЈАЛИЗМОТ

*Времето во кое го објавуваме овој текст е време на масовна пропаганда каде вистината воопшто не игра некаква значајна улога во медиумските написи и истата е целосно заменета со сеприсутна хистерија и морализирање. Функцијата на таа непрестана и хистерична пропаганда е да креира униформност на јавното мислење и согласност со својата владејачка елита. А се со цел да застанеме заедно во одбрана од надворешното зло. Секако заедничката одбрана значи наша одбрана на нивниот капитал и нивниот систем.*

*Затоа наша обврска како комунисти е да не потпаѓаме на хистеријата и секогаш да се држиме до фактите и сопствените интереси, да се водиме според нив и да се спротивставиме на наметнатиот наратив на буржоазијата, кој има за цел поделба на светската работничка класа по сите можни основи.*

Следствено и за конкретнава ситуација во маглата на дезинформации и полувистини, ние треба да се држиме до фактите за јасно и соодветно да можеме да ја разбереме инвазијата на Украина од страна на Русија, како и зошто дојде до неа, каква е по својата природа, што ќе значи за иднината.

Инвазијата на Украина не се случи во некаков историски вакуум и вон историскиот контекст, затоа, најпрво ќе треба да го увидиме самиот историски контекст кој и претходеше на самата инвазија за воопшто да можеме да ја разбереме во целост.

По распадот на Советскиот Сојуз и Варшавскиот Пакт и следствената реставрација на капиталистичките односи во Источна Европа, НАТО алијансата иако ја загуби првичната смисла на своето постоење – заштита на Западна Европа од потенцијална Советска инвазија, тоа не доведе до демилитаризација или згаснување на самата алијанса. Напротив, таа продолжи да постои, менувајќи ги своите стратешки определби, ширејќи се во Источна Европа и покрај силното негодување и противењето на Русија дека со тоа и се загрозуваат "**националните**" интереси. Дополнително НАТО сојузот се покажа за она што всушност е, продолжена рака на американскиот империјализам и воен промотор на американската надворешна политика, која во последните 30 години не се воздржуваше да интервенира, окупира, менува влади и бомбардира секаде низ светот каде што ќе процeнеше дека е нарушен "***националниот интерес***", односно е загрозена "***националната безбедност***", притоа не водејќи грижа за животите на локалното население ниту пак за нивните интереси.[1]

Империјалистичките сили најчесто своите „национални интереси" ги спроведуваат преку суптилни дипломатски/политички уцени, но, во зависност од дадените околности и можности нема да се воздржат нив да ги спроведат и со воени средства. Затоа флоскулата за ***национален интерес*** којшто мора да биде спроведен надвор од границите на државата, а ја употребуваат империјалистички сили, е само еуфемизам за она што всушност е – ***остварување на нивниот империјалистички интерес***.

Спротивставување кон американскиот империјализам и демаркирање на сопствената сфера на влијание, Русија за прв пат отворено ја манифестираше во 2008 година. Тогаш, во предвечерието на самитот на НАТО во Букурешт, тогашниот претседателот на САД, Џорџ Буш се заложи Украина и Грузија да станат членки на

1 Види „Бушова доктрина"




национален интерес, еуфемизам за остварување на нивниот империјалистички интерес.

НАТО, и покрај силните противења од Русија и негодувањето на европските сојузници.[2] Токму истата 2008 година беше извршен воен упад во Грузија, беа признаени Јужна Осетија и Абхазија, а Грузија беше спречена во намерата да стане членка на НАТО сојузот. Тоа претставуваше демонстрација на руската држава дека нема да се воздржи и воено ќе интервенира надвор од своите граници за да ги заштити своите „национални интереси“.

Односот меѓу Русија и Украина се наруши по соборувањето на проруската украинска влада на Јанукович и нејзина замена со прозападна, т.е. про-НАТО влада во 2014 г. Рушење на владата на Јанукович, исто така, ги изнесе на површина длабоките поделби внатре украинското општество, што најпосле ескалираше во граѓанска војна и прогласување на независност на два значајни индустриски региона со доминантно руско население и проруски сентимент. Украинскиот либерализам се сплоти со екстремно-десничарските групации што со фашистички методи вршеа терор над населението што говори руски, кон синдикалните и комунистичките активисти. Неретко фашистичките групи се воздигнуваа над нормалните оружани формации на украинската држава, војската и полицијата и на тој начин ја засилија граѓанската војна. Русија дополнително го искористи моментот и под изговор за заштита на руското население изврши анексија на Кримскиот полуостров.

За Елцинова Москва ширењето на НАТО сојузот внатре во сферата на влијание на бившиот Советскиот Сојуз, како и на нејзините бивши републики, беше горчлива приказна која мораше да ја трпи поради својата слабост во однос на семоќните САД посебно во 1990тите и првите години од 2000тите. Но моќта на САД почна да ги покажува своите лажливи основи со неуспешната мисија во Ирак и Авганистан. За регенерираната Путинова Москва неприфатливо е зачленувањето во НАТО на Грузија, односно сега Украина, и е подготвена ова свое барање да го спроведе со сила. Рускиот империјализам, кој секако е далеку послаб во однос на американскиот, го користи моментот и просторот што му се отвора и маневрира внатре тие регионални граници. Таков пример имавме и на почетокот на 2022 година кога руските „миротворци“ интервенираа во Казахстан на

2 https://www.reuters.com/article/us-nato-ukraine-bush-idUSL0141706220080401



Путин

барањето на казашкиот претседател за „стабилизација и нормализација на состојбата" за време на социјалните немири и антивладини демонстрации.[3][4] Од друга страна, станува очигледно дека досегашниот светски хегемон – САД, ја губи апсолутната доминација и можноста да диктира, односно да биде светски полицаец кој има неограничена моќ воено да интервенира на секоја педа од планетава без никакви ограничувања наметнувајќи ги сопствените интереси. Дека ова е така, стана особено јасно по низата неуспеси - поразот и повлекувањето од Авганистан, повлекувањто од Ирак и неуспехот во Сирија (каде Русија исто така има свои трупи, благодарение на кои претседателот Башар Аласад ја сочува власта).

Владата на Украина не ја увиде сериозноста на заканата од руска агресија, имајќи го предвид искуството од 2008 г. и 2014 г., и особено откако беше порачано дека НАТО нема воено да застане во одбрана на Украина при евентуален напад – ова всушност значеше дека НАТО и САД бараат од Украина сама да

3 https://www.rt.com/russia/545286-peacekeepers-kazakhstan-unrest-csto/

4 https://www.reuters.com/article/us-belarus-election-idUSKCN25C08E

се бори против Русија за исполнување на „заедничките безбедносни интереси". Дополнително, циничната порака на западните НАТО „сојузници" кон украинската влада - дека нема воено да се спротивстават на Русија т.е. нема да постават воени сили во Украина, значеше carte blanche за Путин. Она што можат сега најмногу да и понудат „сојузниците" на Украина се молитви[5], делумни економски санкции кон Русија[6] и воена опрема за „истрајност" во борбата, некогаш во иднината.[7] Украинскиот народ, без разлика на националната или регионална припадност, е жртва на прозападната измеќарска политика на Зеленски, Порошенко и сличните, на крвничките апетити на САД и Германија, и на назадниот великоруски шовинизам на Путин.

5 https://www.whitehouse.gov/briefing-room/statements-releases/2022/02/23/statement-by-president-biden-on-russias-unprovoked-and-unjustified-attack-on-ukraine/

6 Треба да се забележи дека енергенсите непречено се доставуваат до ЕУ и тоа во зголемени количини од периодот пред инвазијата и по значително повисоки цени – енергенсите во 2021 претставуваа 62% од вкупниот извос на Русија кон ЕУ. https://www.reuters.com/business/energy/is-war-ukraine-impacting-russian-gas-supplies-europe-2022-03-07/

7 https://www.nytimes.com/2022/03/06/us/politics/us-ukraine-weapons.html

## Ефектите од војната во Украина

Војната по сè изгледа ќе потрае, а последиците од неа ќе бидат многубројни и далекусежни. Според развојот на настаните и продлабочување на кризата може да се антиципираат некои од последиците.

Она што може со сигурност да се очекува е значаен пад на животниот стандард и пораст на цените во Европа, особено во Украина и Русија, но и во земјите што зависат од увозот на пченица, како Турција, Египет, па и Македонија. Дополнително, колку подолго трае војната и колку повеќе жртви има очекувано ќе се интензивира украинскиот и рускиот национализам. Краткорочно САД се единствените победници, тие не учествуваат директно во судирот, но ги остваруваат сите геостратешки цели – 1. Русија ќе биде изолирана под тешки економски санкции; 2. гасоводот „Северен Ток 2" нема да профункционира во догледна иднина, а ЕУ ќе бара алтернативни извори за потребните енергенси; 3. неминовната блоковска поделба ќе ја доближи ЕУ уште поцврсто до САД (а Русија до Кина); 4. можност за ново проширување на НАТО во Шведска и Финска.

## Што треба да правиме?

Од овој судир, кој во суштина претставува империјалистичко разграничување на сферите на влијание, работничката класа нема своја страна, напротив, работниците ќе бидат тие што сигурно губат – без разлика како и да се заврши војната. Ниту украинскиот работник својот класен интерес ќе го оствари во НАТО, ни донбаскиот под закрилата на руската олигархија, а ниту пак рускиот работник преку окупацијата на Украина. Работничката класа, единствено ќе го понесе товарот од судирот на сопствените владејачи. Оттука, како единствен исправен и можен став се наметнува вистинскиот антиимперијалистички интернационалистички став, познат според Либкнехт и Ленин како ***революционерен дефетизам***.[8] Позади овој поим се крие тактика за мир и сопирање на војната преку барањето за борба против својата буржоаска влада и рушење на сопствените угнетувачи во рамки на својата национална капиталистичка држава. Овој революционерен дефетизам за разлика од буржоаскиот пацифизам, кој исто така шири дефетизам, не застанува со пораз на владата туку бара вооружување на работниците и создавање на революционерна армија за ширење на социјализмот. Оваа тактика претставува революционерен повик кон работничката класа на сите страни да стане против ***сопствените реакционерни влади***, со протести, штрајкови и дезертации со цел создавање на кризна и револуционерна состојба, како предуслов за рушење на капитализмот во нашите земји.

Одличен и храбар пример како треба да постапуваат комунистите во вакви времиња дадоа комунистите од руската секција на ИМТ со нивниот проглас и повик против воената инвазија на Русија.

„Најважната задача на чесниот руски комунист е директно да се спротивстави на воената интервенција на Русија. Оправдувањата на оваа операција со изговори за „заштита на руското население" и „борба против нацизмот" итн. е директно предавство на принципите на интернационализмот. Ставот на раководството на Комунистичката партија на Руската Федерација, која формално го даде предлогот на Путин за признавање на народните републики на Донбас, и потоа дадоа согласност за влегување на трупите и воените операции, нанесоа голема штета во тој поглед. Вредно за споменување е дека сето ова се случува за време кога членовите на самата Комунистичка партија, од Москва до Владивосток, се соочуваат со репресија. Сметаме дека доследните комунисти во редовите на оваа партија треба силно да се спротивстават на фактот дека раководството не само што капитулираше пред рускиот шовинизам, туку е и негов предводник. Дојдено е времето сите лојални комунисти да се потсетат на лекциите од колапсот на Втората Интернационала; да се сетат на борбата на Ленин против социјалшовинистите и принципите на кои беше основана комунистичката

8 https://wp.stu.ca/worldhistory/wp-content/uploads/sites/4/2015/08/Lenins-April-Theses.pdf



Ленин и Либкнехт

интернационала.

Ги повикуваме сите комунисти во Украина, Русија и Донбас да се спротивстават на војната. Го повикуваме воениот персонал на Руската Федерација да не извршува криминални наредби. Повикуваме на борба против шовинизмот во сите форми – за интернационално братство на народите."

### *Македонија – активен пион во империјалистичкиот судир*

Македонија како членка на НАТО сојузот никако не е неутрална држава во конфликтот, особено ако се има предвид поширокиот контекст. Сепак по своето значење таа е само ситен пион во сферата на американскиот империјализам и како таква има соодветната улога – да слуша и да ги повторува постапките на ЕУ и НАТО.[9] Запрепастувачко е што и во самото обраќање на македонските политичари целосно се открива нивниот измеќарски карактер. Па така, на пример во пораките на солидарност кои ги упатуваат кон владата на Украина постојано потсетуваат зошто е таа солидарност и од кого зависи таа „солидарност" – нивните изјави гласат „во зависност од одлуките на НАТО Македонија ќе...", „доколку биде побарано од НАТО, Македонија ќе..." итн.[10] Тие воопшто не кријат дека нивната солидарност не произлегува од некаква принципиелност, или дека таа е непосредна и директна, напротив, таа е целосно посредувана, односно искалкулирана задача на воената алијанса која Македонија ќе треба да ја исполни како лојален сојузник, уште еднаш покажувајќи го вистинскиот карактер на војната во Украина – судир на два империјализма.

Од друга страна, како механичка реакција на пронатовскиот милитаризам и нивната пропаганда, ги имаме киднаперите на политичката партија Левица и други маргинални политички субјекти. Овие шарлатани и предавници на работничката класа, исто како социјалшовинистите од Втората Интернационала целосно паднаа на тестот на интернационализмот и во отсуство на класна перспектива во овој реакционерен конфликт се позиционираа во таборот навивачи на рускиот империјализам, застапувајќи ги интересите на руската буржоазија наспроти работничка класа. Тезата дека тие се застапници на т.н.

9 https://republika.mk/vesti/makedonija/osmani-makedonija-kje-bide-del-od-sankciite-na-eu-protiv-rusija/

10 https://telma.com.mk/2022/03/01/славјанка-петровска-воена-опрема-да



Роза Луксембург

Македонија треба да го следиме примерот на руските другари и да повикуваме на солидарност меѓу рускиот и украинскиот народ да ги срушат сопствените политички елити кои ги водат во меѓусебна војна. Наша задача е цврсто да се спротивставиме на македонската полтронска надворешна политика, да се бориме против пропагандата на најмоќната контра-револиционерна сила на денешницата, САД, но, истовремено и да ја демаскираме пропагандата на послабиот, но еднакво реакционерен руски империјализам, а промовирајќи ја интернационалната класна работничка позиција со цел изградба на доследна и цврста комунистичка организација во Македонија.

„мултиполарен свет" само ја потврдува констатацијата дека раководството на Левица воопшто не го поима развојот на настаните во светот врз класна основа, ниту пак веруваат дека работничката класа е агенс за трансформација на светот, а уште помалку се залагаат за такво нешто. Оттука, во конкретната ситуација, партијата Левица не застапува ништо подобри позиции во однос на другите политички партии од аспект на нивната класна позиционираност, напротив, тие како и останатите буржоаски партии ги ставаат интересите на капиталот на империјалистичките земји над интересите на работничката класа – терајќи ги да војуваат за таквите интереси.

Ние, комунистите интернационалисти од

**ПРОТИВ АМЕРИКАНСКИОТ И РУСКИОТ ИМПЕРИЈАЛИЗАМ !**
**МАКЕДОНИЈА НАДВОР ОД НАТО!**
**НЕ ЗА ВОЈНА МЕЃУ НАРОДИТЕ! НЕ ЗА МИР МЕЃУ КЛАСИТЕ!**

*март 2022, Петар Чуриќ*

# МАКСИМАЛЕН КАПИТАЛИЗАМ СО МИНИМАЛНА ПЛАТА

Уште при крајот на минатата година, 2021, Сојузот на синдикати на Македонија, ССМ, излезе со барање за повисока корекција на минималната плата од првичните пресметки на владата на Заев, но и изнесоа други законски измени пред јавноста и политичките партии. Најгласни беа по барањето за минимална плата од 18 илјади денари или нешто под 300 евра, но покрај тоа не смее да се изостави и предлогот за законски измени минималната плата да биде 60 отсто во однос на просечната плата, како и скалесто поместување на сите плати. Минималната плата од 18 илјади денари е сосема недоволна за покривање на најосновните потреби на човекот и неговото семејство, храна, облека и станување. Веќе анахроната синдикална кошница, основана пред многу години врз потрошени 2 кила месо и 2 масла за јадење и слично, укажуваат дека за елементарно преживување потребни се над 35 илјади денари. Сигурно читателот на овие редови се сложува дека со 18 илјади нема живот, но како да го објасниме фактот дека работничката класа успева да преживее, и второ зошто нема отворени работнички барања за подигнување на оваа долна граница на платите повисоко.

Мало потсетување што се случи во минатото во врска со минималната плата. Некаде 2012 година, владата на Груевски донесе Закон за минимална плата. Од тогаш донесени се 5 измени на овој закон каде видно се зголеми нето и бруто износот на платата, но и се укинаа специјалните поволности за капиталистите во одредени производни дејности (текстил, кожа и сл.) за да ги плаќаат работниците помалку.[1]

На слика 1 прикажан е растот на просечната и минималната плата во периодот од 2012 до денес. Користени се податоци од Државниот завод за статистика.[2]

Можеме да видиме дека и минималната плата и просечната плата во овој десетгодишен период растат и тоа растат со иста стапка, но и со иста стапка како и трошоците. Трендот на раст на просечната плата им дава простор на дишење на владите на Груевски, Заев и сегашниот Ковачевски за соодветно нивелирање на минималецот. Конечно, порастот на минималецот за 10 години изнесува 7144 денари, ама порастот на просечната плата е 8148 денари. Со тоа сакаме да докажеме дека барањата на ССМ за зголемување на минималецот од сегашните 15 194 денари на 18 илјади се оправдани и според логиката на власта. Патем, 18 илјади плата е нето плата од 13 евра дневно, колку што е саатница во „демократскиот свет“. Отпорот на „работодавците“ и партијата ВМРО-ДПМНЕ со нивните тинктенкови како професорот Славевски, затоа го сметаме за насилништво, иживување врз работниците и одвлекување од посуштински промени во трудовото право.

По неделниот синдикален протест во декември 2021 каде Сојузот на синдикати на Македонија побара зголемување на минималецот на 18 илјади и пресметување на минималниот износ како 60% од просечната плата, следеше пропагандна програма на овој синдикат, што се претставуваше како победник во борбата за работничките права. Глумата можеше да се види и на самиот протест каде симболично лидерот на синдикатите долета од Собранието и експресно соопшти на присутните протестирачи дека главните политички партии го прифатиле барањето за пораст на минималната плата. Уште еднаш да повториме. Раст на платите мора да има и истиот е проектиран од власта. Просторот што синдикатите треба да го освојат е да ја подигнат препреката многу повисоко од побараните 18 илјади и наместо закани со штрајк и постојани преговори да направат прекин на работат и им покажат на властите дека не смее да си играат со оган. Синдикатот нема да извојува победа во смисла ако успее да ја подигне висината за еднаков износ како и порастот на просечната плати и раст на цените и својата енергија и закани за генерален штрајк ги насочува во

1 Извор: https://www.pravdiko.mk/zakon-za-minimalna-plata-vo-republika-makedonija/

2 https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=40&rbrObl=14




Раст на платите во Македонија

погрешна насока, посебно не смее да се смета успех ако растот на минималната плата е субвенционирана сума која од државниот буџет им се плаќа на фирмите. Ова во основа е пораз на работничката борба и враќање кон годините кога на власт беше Груевски.

Растот на долниот праг (минималецот) во изминатите десетина години највеќе ги опфати работниците во приватниот сектор, но скалесто ги поттурна и останатите ниски плати. Додека политичката елита на СДСМ се фали затоа што ја подигнала минималната плата за неколку стотина проценти, треба да се нагласи дека најголем бенефит со подигнувањето на нискиот долен праг на плата ја има токму таа политичка елита, а не работничката класа, затоа што, прво, успеа да го амортизира притисокот на најсиромашниот слој на работничката класа да се откаже од социјалните барања (типични во периодот на 2013 до 2016) и со тоа работникот да добие многу поголеми износи на плата и бенефити како вработен и второ затоа што најниско платените работници традиционално беа гласачкото тело на ВМРО-ДПМНЕ што во најдобар случај претставува префрлање на овие гласови кон друг политички субјект. СДСМ беше партија носител на капиталистичката реставрација, деиндустрализација и пауперизација на работникот во 1990-тите, а своите гласачи ги наоѓаше кај средниот слој на подобро стоечки работници и либерална интелигенција, на којашто и сметаше национал-шовинистичката слика на ДПМНЕ. Сепак, работничката класа во услови кога немаше закани со војна, гласаше за авторитарната и клиентилистички ориентирана ДПМНЕ.Без да излегуваме од темата за минимална плата, факт е дека во последните 10 години има политичко раздвижување во насока на одлепување на работничкиот глас од ДПМНЕ. Овие заклучоци ги има и сегашното лидерство на партијата кога истапи единствена со ставот дека не треба да има зголемување на минималната плата. Вистинскиот мотив за тоа е нивната пресметка дека политичкиот кајмак со зголемувањето на платите го доси СДСМ.

Имено, се проценува дека 14 отсто од работниците се на минимална плата или тоа се околу 90 илјади работници. Прифатениот раст на минималецот владата ќе ја чини околу 16 милиони евра, поточно државниот буџет ќе биде оштетен и ќе се направи трансфер кон поголеми профити на газдите. И додека газдите се ценкаат за 16 милиони евра, минатата година трите најголеми банки во РСМ остварија профити од 100 милиони евра. Задолжувањата на


Претседателот на ССМ прославува победа со Владата и Стопанските комори

населението се вртоглаво зголемени за овие 5 години, не поради луксузирање туку за осигурање на домување, или за жал, лекување. Локалните избори во 2021 година каде ВМРО-ДПМНЕ победи условно сепак според апсолутниот број на гласови е најнизок број на гласови за оваа партија и тие можат да се сметаат за колатерален победник поради ниската излезност и трансфер на традиционалните гласачи на СДСМ кон независните опции или апстиненцијата која беше рекордно висока.

Дилот што го направи СДСМ и ДУИ со газдите и ССМ е добитна комбинација за партиите на власт затоа што тие добија екстра простор за воздишка, затоа што газдите не во добивка, а ССМ затоа што изглуми дека е лидер на работниците. Мора да сфатиме дека капиталистите, здружени во нивните комори, но и на индивидуална основа, ќе пружаат отпор на секое зголемување на платите дури и при раст на економијата во „златно доба на капитализмот“. Никој нема да му даде на работникот подобар животен стандард, освен ако тој самиот не се избори, индивидуално или колективно. Улогата на синдикатите затоа мора да биде поставување на барања со очекување на отпор од страна на газдите и секогаш нивната влада, а преговарачката моќ треба да ја насочат не контра нивните комори туку директно со власта. Како да некој уште верува дека владата е непристрасна кон двата непријателски табора на газди и работници, па синдикатот го троши своето време убедувајќи ги Владата и стопанските комори. Преку напуштање на либералниот концепт на „социјален договор“ на овие трипартитни тела, синдикатите излегуваат посилни и пред своето членство, но и во самото општество. Синдикатите конечно треба да се вратат на тактиката и стратегијата за директно учество во политичкиот систем и да престанат да глумат „невладина организација“.

Стратезите на капиталот со своите власти добро знаат дека воведувањето на минималниот износ на плата е начин како да се избегнат најсилните притисоци на најугнетениот дел од населението, а истиот е нужност посебно при намалување на стапката на невработеност. Либералите се свесни за гневот на работничката класа, а некои подобро упатени и ќе се залагаат за зголемување на работничките права во интерес на одржување на рамнотежата и државниот апарат. Така економистот Глигоров, оди со предлог, радикален за синдикатите и јавноста, за минимална плата од 500 евра. Но, политичката елита нема намера за таква мерка иако реално е справедлива, затоа што во тој случај ќе биде брзо заменета од своите газди, вистинските управители на Владата, локалната и странската буржоазија. Дијалектиката на историјата подучува дека драстичното зголемување на платите, ниската невработеност и сл., не вродува со пасивизација на работникот туку напротив во такви случаи работниците се организираат и стануваат охрабрени дека вистинските носители на стопанството се тие, мнозинството без кои нема леб на трпезата, а не и малкутемина богаташи, лихвари, кои се засладуваат од трудот на другите. И додека сме секогаш за зголемување на работничките права, треба да ги објавиме стварните односи и

мотивите на власта, а тие во случајов со Законот за минимална плата не се во интерес на работниците туку служат за пацификација на поголемиот дел на населението и пренасочување кон несуштински одлуки.

Пацификацијата е евидентна. Социјални немири нема, а амортизирани се успешно сите поскапувања на струја, горива, станови, храна, а опозицијата е скршена и импотентна дури и при изградените структури. Работничката класа нема доверба во опозиските структури и покажува зголемена зрелост, иако недоволно да ја сфати сопствената сила преку самостојно организирање и делување.

Покрај порастот на платите кон ова смирување на социјалниот притисок има и здравствена криза којашто дополнително го одзеде независниот глас на обичниот човек и го подреди на интересите на власта, преку пропагандата за национално обединување и репресивните мерки.

И додека 90 иљади работници пред државните служби земаат минимална плата, мораме да укажеме дека голем дел од овие угнетени вработени се дополнително ограбени со давањето скришни пари на рака како некаква милостиња на газдите. Оваа сива економија повратно значи дека работниците се пријавени на помали плати, па ќе земаат многу помали пензии, додека поголемата заработка оди кај газдите. Да се потсетиме дека во РСМ даноците на профит се еднакви како на даноците на плата, 10 отсто рамен данок. Секако дека оваа антиработничка појава на давање пари во коверт, која ги влече корените од 1990тите и која не успеаја властите да ја сузбијат, не смее да се реши со легализација, како што планираат економистите, зашто тогаш работниците би зеле помали износи. Доста работници земаат надници поголеми од пријавениот минималец и на тој начин сврзуваат крај со крај -но на долго рок, тие остануваат со помали бенефиции при престанок на работниот однос или во пензионерските денови. Синдикатот мора да ја освести оваа појава и да ја адресира правилно со барање за зголемени инспекции и укинување на прекарниот труд. Овие реформски зафати се нужни за подобрување на положбата на работничката класа и нејзино подготвување на идните настани како класа која има изградено силни структури во вид на борбени синдикати во најшироки граници од различните слоеви и видови на работници.

Субвенциите што државата ќе ги исплати поради наводната неможност газдите да го исплатат износот на минималната плата, немат да бидат доволни на подолг период за работниците и истиот начин е неодржлив, покрај тоа што е крајно нестимулирачки. Работниците мора да се борат за подобар живот и да учат од своите класни непријатели, а приказната е многу јасна: се додека не им биде полошо на газдите, нема да им биде подобро на работниците. Треба да се удри непосредно врз газдите, врз крупниот капитал, врз банкарите и странските индустријалци, да се зауздат нивните астрономски профити.

Но, работниците нема вечно да бидат излажани и ќе поведат иницијатива. Во наредниот период нивните барања се повеќе ќе бидат насочени кон решавање на суштинските прашања кои постојниот прокапиталистички Закон за работни односи не ги решава, како што се договорите на одредено време и прекарната работа, како што е недоволната заработка за покривање на егзистенцијалните прашања за храна и домување на себе и своите семејства, како што е се послабата едукација и неслободниот пристап до јавните здравствени услуги, како што е нездравата животна средина и конечно, како што е неуспешноста на целокупниот економски, социјален и културен систем и потреба да станат носители на промените, а не неми следбеници на бирократски синдикални апарати и неуспешни капиталистички политички партии.

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА - ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**
**ЗА БОРБЕНИ СИНДИКАТИ НА ОГРОМНОТО МНОЗИНСТВО!**

***февруари 2022, Алек Атевиќ***

# ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА – КОЈ ЌЕ ЈА ПЛАТИ СМЕТКАТА?

Од 1 јануари домаќинствата во Македонија добија поскапи сметки за 9.5% проценти кое реално е поголемо ако на тоа се додаде и укинувањето на евтината дневна тарифа од 14 до 16 часот. Оправдувањето на властите за овој потег е поскапувањето на струјата на светските пазари и економската криза која ги зафати фирмите производувачи и снабдувачи на електрична енергија. Многу фирми кои ги снабдуваат домашните претпријатија со струја се најдоа во ситуација да ги немаат потребните залихи и да ги прекршуваат договорите за снабдување со електрична енергија.

Оваа состојба е одраз на немање на државна стратегија за енергетски развој и лошо менаџирање со капацитетите за производство на електрична енергија во државна сопственост. Уделот во производството на државната ЕСМ е околу 70%, а до пред десетина години изнесуваше 95%. Дополнително, увозот на електрична енергија задоволува над 30% од потрошувачката (домашното производство е 70%) што ја прави Македонија ранлива на растечките цени на светските берзи. Електроенергетскиот сектор се користи како златна кокошка за испумпување на средства кај големи приватни фирми преку разработени тендер-шеми, што дополнително ја влошува состојбата на електроенергетскиот систем. Малите хидроцентрали добиваат огромни субвенции од државниот буџет, а учествуваат со само 4% во вкупното производство и за возврат на тоа не уплаќаат за воден надоместок и имаат неподмирени обврски кон државата правејќи и штета врз животната средина. И во овој сектор профитот на капиталистичката класа е на прво место.

Според некои предвидувања, енергетската криза и инфлацијата ќе останат присутни уште долг период, односно дека тие ќе траат во првите шест месеци, а потоа би имало стабилизирање. Енергетската криза дополнително ќе удри и врз стандардот на обичните, кои во најголем дел мака мачат да го истераат месецот. Ценовниот шок предизвикан од струјата и извесниот топлотен удар поради недостигот на гас само дополнително ќе ги влошат состојбите, а минималната плата која сега изнесува 18.000 денари ќе се покаже како недоволен потег за ублажување на состојбите и за штетните ефекти кои ги трпи работничката класа. Поскапувањето на енергенсите значи и пораст на трошоците за производство кои треба да ги сносат газдите. Нашето искуство вели кога трошоците за производство и одржување на бизнисот се зголемени, капиталистичката класа се решава да рационализира и да ги крати тие трошоци преку намалување на работна сила(отпуштање на работници), непријавување на работници во задолжително социјално осигурување и држење на платите околу минималното ниво и слични добро познати мерки.

Како и со секоја помала или поголема криза на капитализмот, така и овојпат товарот на кризата капиталистичката класа ќе се обиде да го префрли врз грбот на работничката класа. Семејниот буџет е драстично погоден од сметките за електрична енергија и едно просечно семејство кое се грее на струја треба да даде половина од минималната плата за да подмири месечна сметка за струја. А каде се тука другите трошоци? Последната пресметка на синдикалната минимална кошница за едно четиричлено семејство изнесува 35.000 денари и треба да се земе предвид дека ова е сума која е едвај доволна за просто преживување/оддржување во живот, а никако за достоен живот во дадените материјални околности.

Во екот на енергетската криза, најскандалозен беше потегот на приватната фирма за снабдување со топлинска енергија (БЕГ) која во ек на грејна сезона се закани дека ќе го исклучи парното греење за околу 220 илјади луѓе во главниот град со цел да ја принуди државата да и додели помош бидејќи немала ресурси да продолжи со снабдување.




Ова е уште еден пример за социјализирање на загубите и приватизација на добивките. Одговорот на државата беше половичен и таа само привремено го презеде управувањето со БЕГ, се` до стабилизрање на ситуацијата кога фирмата повторно би се вратила во управување на нејзиниот сопственик. Ова е уште еден доказ за потребата од национализација и ставање под работничка контрола на клучните производни и капацитети, како не би биле оставени на милост и немилост на профитните мотиви накапиталистите. Секако, ова е задача која нема да биде извршена од сегашната владејачка елита.

БЕГ е компанија која е следена од повеќе скандали, типични за олигархијата во периферна капиталистичка земја како Македонија. Имено фирмата Балкан Енерџи груп, (која е фирма мајка на уште три други фирми со сличен назив чија дејност е производство, снабдување и дистрибуција на топлинска енергија) е основана од сомнителен странски капитал кој потекнува од Кипар и Велика Британија. Подоцна, кипарската фирма излегува од сопственичката структура и останува само Британската. Она што е важно да се нагласи е дека Основното јавно обвинистелство во Скопје уште во мај 2019 година отвори предистражна постапка за постапката на издавање на лиценци на трите ќерки фирми на Балкан Енерџи Груп против поранешни членови на Регулаторната комисија за енергетика. Проценката е дека оваа постапка нанела штета од околу 6.6 милиони евра. До ден денес постапката е заглавена во обвинителството и од кај нив нема одговор зошто и по речиси три години се`уште нема исход од кривичната пријава. Очекувано, големите играчи на капиталистичката класа имаат финансии, моќ и лоби група да ја заташкаат кривичната пријава и уште еднаш да го разоткријат вистинското лице на правниот систем и интересите кои тој ги штити.

Околу финансиските резултати на БЕГ,вреди да се спомене дека во периодот од 5 години (2016-2020) фирмата за производство имала загуба од околу 53.000 евра, но фирмите за снабдување и снабдување имале кумулативна добивка од 1,3 милиони евра! Според некои проценки, државата кризата со БЕГ и преземањето на нејзиното управување ја чинеше над 6 милиони евра!

Македонскиот капитализам е пример кој ни покажува што се случува кога власта ќе одлучи делумно или целосно да го приватизира енергетскиот сектор и со тоа да го препушти на пазарните хирови и тесните интереси на приватните сопственици. Наспроти тврдењата како приватниот сектор е поефикасен во овозможување на услуги, гледаме дека

таа ефикасност има ограничувања штом економската и општествена криза го загрозат работењето и профитот на сопствениците. Во тој момент, капиталистите ја запираат услугата и бараат помош од државата. Се поставува логично прашање зошто тогаш е приватен енергетскиот систем кому му треба државна помош за да функционира? Парите со кои државата го помага приватниот сектор, како што е примерот со БЕГ, би можеле да бидат искористени за одржување и подобрување на државниот енергетски систем чија цел би била задоволување на општествената потреба за евтино и сигурно греење. Дури и капиталистичките држави национализираат сектори кои се основни за нормалното функционирање на општеството, како што се енергетскиот систем и јавниот транспорт, од кои зависи целиот систем и целокупната заедница.

Сите овие податоци доволно ни говорат дека владеачката класа, водејќи се од инхерентната логика на капиталистичкиот начин на производство, ќе биде принудена да го притегне каишот, како би се спасила себе и нејзиниот систем. Во услови на економска криза и раст на цените на основните производи, сето тоа засилено од ковид-кризата, социјалниот гнев ќе се таложи и класната борба ќе добива на интензитет. Нејзината манифестација ќе биде преку различни канали (формални и неформални). Наша задача како марксисти е да учествуваме во овие процеси, безрезервно пружајќи поддршка за работничката борба, притоа посочувајќи ја потребата од демократски и борбени синдикати со отчетно и во секој момент сменливо раководство и изградба на работничка партија со социјалистичка програма како највисок степен на организирање. Тоа е одговорноста која ја имаме и од која не смееме и не можеме да побегнеме!

*февруари, 2022 Д.Л.*



## ВРАЌАЊЕ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО НАСЛЕДСТВО НА РОЗА ЛУКСЕМБУРГ

*Роза Луксембург е родена 5 март 1871г. Случајно ова е истата година кога работниците од Париз се кренаа и ја основаа Парискат комуна: Првиод обид на работничката класа да ја преземе власта. Еуфоријата што ја предизвика создавањето на комуната беше краткотрајна, по неколку месеци Парискaта револуција беше разбиена од владеачката класа во контрареволуционерен пекол од куршуми и крв. Во " La semaine sanglante" ( крвавата недела) која следуваше по нејзиното уништување беа убиени 30.000 работници.*

По скоро 50 години, во 1919 година, самата Роза Луксембург била убиена од германската контрареволуција која го задушувала востанието на германските работници. Нејзиниот живот се совпадна со будењето на работничката класа во Европа и беше не разделен од класната борба. Таа не беше обичен набљудубач на светските историски настани со кој се совпасна нејзиниот живот. Првата светска војна, Руската револуција во 1917година и германската револуција од 1918година.

Поточно, таа беше активен учесник во обидит да се промени курсот на човековата историја. Со нејзини зборови Роза Луксембург виде дека човештвото беше соочено со избор помеѓу варварство или социјализам. Таа се впушти во борбата за да се осигура дека вториот избор е тој што ќе триумфира. Се бореше до последно за светска социјалистичка револуција.



Роза Луксембург



Роза и Ленин

**Култна фигура**

Во денешно време, Роза Луксембург е една од најкултните личности во левичарските кругови. Кризата на капитализмот од 2008година ги радикализираше некој слоеви од општеството, особено младите, меѓу кој заживеа интересот за револуционерните идеи и личности. Роза луксембург истапи како симбол на жена која не само што се осмелила да му се спротистави на целиот политички естаблишмен, туку која на крајот ја направила најголемата жртва во борбата за социјализам.

Овај зголемен интерес за Роза Луксембург и нејзините идеи е знак дека нешто се случува под површината на општеството. Се повеќе и повеќе луѓе се обидуваат да извлечат лекција од историјата. Ова е исклучително позитивно.

Но, Луксембург не е само икона. По нејзината смрт, неколку други фигури од левичарите беа опкружени со многу контраверзии. Со секое средство за манипулација и искривување, со текот на времето се формираше слика која е антитеза на револуционерниот класен борец што таа всушност беше. Таа, пред се е претставена како жена “феминистка”, претставничка на “помекиот” спонтан социјализам спротивно од Октомвриската револуција на Ленин.

Многумина од оние кои денес ја гледаат Роза Луксембург како икона не се свесни за нејзината историја. Така што тие не се свесни што всушност таа претставувала. Кога некој се обидува да дознае повеќе за животот и идеите на Луксембург, често се сретнува со оваа извртена и искривена слика за неа.

Жален парадокс е што авторитетот на Роза Луксембург во денешно време се користи за да се оправдаат реформистите, мекоста и антиреволуционерните идеи. Доколку се читаат делата на Роза Луксембург, нема сомнежи дека таа била револуционер од самиот почеток до горчливиот крај. Се што направила и напишала е проткаено со борба за социјалистичка револуција, борба која ја чинеше живот.

**Реформи или револуција**

Карактеристично за нејзиниот живот е тоа што пред да наполни 20 години била принудена да побегне од Полска во Швајцарија

за да избегне апсење поради нејзините револуционерни активности. Кога подоцна се преселила во Германија за да стане дел од големата германска социјалдемократска партија. Таа смело се впуштила во клучната дебата која земала замав тоа време. Како одговор на реформистот Едуард Бернштајн да ги ревидира идеите на Маркс, Роза Луксембург и претстави на партијата брилјана одбрана на револуционерниот марксизам.

Аргументите на денешните реформисти имаат неверојатна сличност со оние на Бернштајн. Како таква, критиката на Луксембург ја задржува својата релевантност во дебатите што се водат во левицата. И по сто години, одговорот на Луксембург кон Бернштајн, реформи или револуција е исто толку релевантен како што беше и кога беше напишан.

Роза Луксембург предупреди дека ако социјалдемократското движење ја напушти целта на социјалистичката револуција, ќе го изгуби правото на постоење. Од револуционерен лост за соборување на капитализмот ќе се претвори во обичен подпорен столб на капитализмот. Историјата на социјалдемократите ја оправда позицијата ан Роза Луксембург.

Но, реформите или револуцијата потребно е да се гледаат повеќе одошто само предвидување на судбината која ќе ги снајде социјалдемократските партии. Исто така треба да стои како предупредување за таа “нова” левица која се обидува да ја претвори Роза Луксембург во икона. Луксембург би имала малку време за оваа нова левица, која ја отфрли секоја теорија и која во реалноста го отфрли секое верување во социјалистичката револуција заедно со неа:

Што изгледа дека го карактеризира (реформизмот во пракса)? Одредено непријателство кон “теоријата”. Ова е сосема природно, бидејќи нашата “теорија” односно принципите на научниот социјализам, наметнуваат јасно изразени ограничувања на практичната активност-во однос на целите на оваа активност,средствата што се користат за постигнување на овие целии методот што се користиво оваа активност. Сосема е природно луѓето кој трчаат по непосредни “практични” резултати да сакаат да се ослободат од таквите






ограничувања и да аj направат своjата практика независна од нашата “теориjа”.

Роза Луксембург се бореше против ширењето на реформизмот во работничките движења до самиот краj на неjзиниот живот. Во секоjа борба таа се наоѓаше на истата страна од барикадите: со револуциjата.

**Искривување**

Обидите за искривување на реалната слика на Роза Луксембург потекнуваат од различни страни. Владеачката класа, коjа природно е загрижена за зачувување на статус кво, и нивната моќ и привилегии, се обидува да наслика слика за Луксембург како “крвава” Роза. Нив ги интересира само да ги исплашат работниците од бунт, поврзуваќи jа идеата за револуциjа со крв и насилство.

Во реалноста низ историjата секогаш била владеачката класа таа што пролевала крв во заштита на своjот систем. Владеачката класа е таа што брутално jа задуши Германската револуциjа и jа уби Роза Луксембург, заедно со многу други револуционери.

Меѓутоа, исто така наоѓаме искривена слика за Роза Луксембург коjа потекнува од левицата. Во првите години по Октомвриската револуциjа, додека Ленин и Троцки се уште jа водеа младата работничка држава, наследството на Роза Луксембург беше високо ценето. Таа беше препознаена и ценета како револуционер каков што беше. Во 1922 година, Ленин jа критикуваше германската комунистичка партиjа затоа што не ги обjавила неjзините собрани дела.

Наследството на Луксембург во комунистичкото движење, сепак, беше неразделно поврзано со судбината на Руската револуциjа. Октомвриската Ревулуциjа се случи во заостаната земjа. Перспективата на Ленин и Троцки од секогаш била ширење на револуциjата во развиените капиталистички нации, а пред се во Германиjа, како единствена гаранциjа

за опстојување на револуцијата во Русија и нејзиниот развој кон социјализам. Ова исто така беше перспектива која Роза Луксембург потполно ја споделуваше и направи нејзини напори да ја исполни.

За жал, Германската револуција беше задушена, и младата советска држава остана изолирана. Ова беше основата за дегенерација на револуцијата и преземање на власта од узурпирачката бирократија на Сталин. За да ја консолидира сопствената моќ, Сталин требаше да го истреби ленинистичкото, пролетерско крило, не само во руската комунистичка партија тукуво целото интернационално комунистичко движење. Сталин не го запираше ништо. Левицата беше физички истребена и демократијата беше укината. Револуционерната традиција беше потисната.

Како Троцки и другите кои бескомпромисно се бореа за револуционерната политика, идеите на Роза Луксембург набрзо се најдоа на крстосница со Сталин и неговите послушници. Сталин мораше да ја истреби секоја револуционерна традиција и авторитет од Интернационалата. Сталинистичката бирократија беше преплашена дека идеите на Луксембург можат да ги инспирираат младите комунисти да ја преиспитуваат нивната политиката. Затоа сеќавањето на неа мораше да се извалка.

Во 1923година, водачот на Германската Комунистичка Партија, Рут Фишер, го опиша влијанието на Луксембург како “сифилично”. А во 1931 година, самиот Сталин влезе во кампањата за клеветење со натпис со наслов “Некои прашања во врска со историјата на болшевизмот”, во кој ја смести Луксембург во реформистичкиот, антиленинистички табор. Како што и често правеше, Сталин го постигна овај маневар со бесрамното извртување на историските факти.

Сталинистите укажаа на полемиките на Луксембург против Ленин и го искористија да го фабрикуваат митот за



Роза Луксембург

"луксембуризмот":Посебна, реформистичка, антиленинистичка теорија, во која спонтаното движење на масите беше издигнато на многу важна позиција, во опозицијата на организацијата и на партијата.

Таа беше обвинувана од сталинистите за сите грешки на Германската революција во годините по нејзината смрт, одвлекувајќи го вниманието од фактот дека одговорноста за овие грешки лежи во советите што Германската комунистичка партија ги доби од водечкиот слој на Комунистичката интернационала, која беше составена од  индивидуи од сталинистичкиот внатрешен круг.

Беше оставено на Леон Троцки, кој заедно со Ленин ја предводеше Руската Револуција во 1917 година и кој по смрта на Ленин во 1924 година се бореше против сталинистичката бирократиај, да ја брани Роза Луксембург од сталинистичките оцрнувања:

"Да, Сталин има доволно причини да ја мрази Роза Луксембург. Но се поголема  станува нашата должност да го заштитиме спомент на Роза од клеветите на Сталин, кој е составен од ангажираните функционери на двете хемисвери, и да им ја пренесиме оваа навистина убава, херојскаи трагична слика на младите генерации на пролетаријатот  во целост за нејзината величественост и инспиративна сила".

**Спонтаност**

Како што Сталин ги зацврстуваше своите позиции, така анти-сталиновата левица пројави голем интерес за Луксембург, меѓу другото и поради тоа што сталинистите директно ја напаѓаа. Но во таа борба, постоеше голема опасност да се постави екстремна позиција на спортивната страна. Со тоа, оваа анти-сталинова левица го искова поимот "уксембургизам" и не само што се бореше за отфрлање на сталиновото наследство, туку се бореше и против лениновото.

Сталиновата искривена слика за автентичноста на Луксембург беше погрешно протолкувана од страна на анти-сталинистите и тие се втурнаа во нејзина одбрана. Оваа "митска" Роза Луксембург која пропагира спонтаност на сметка на организираноста, комплетно анти-револуционерна позиција, беше претставена како нешто позитивно. Тротски жестоко ги критикувал овие ултра леви тенденции, кои ги експлоатираа само "слабите" страни и некои нејзини сомнежи, кои воопшто не беа одлучувачки за нејзиниот карактер и идеологија. Ги генерализираа и преувеличуваа слабостите до крајност, и на тие основи градеа еден абсурден систем околу нејзиниот лик и дело.

Вака изгледаше сликата за Роза Луксембург, кога повторно беше изнесена на светлина, за време на револуционерниот бран кој го зафати светот во 1960тите години. Таа беше поставена на пиедестал, како икона за новата антиавторитарна, антисталинистичка левица, таканаречена "Нова Левица".

Но во суштина тие само ги повторуваа истите сталинови мантри: нежната Луксембург, која единствено беше фокусирана кон спонтани собири на масите, како една антитеза на Ленин. Во таа смисла, може да се најде една колекција на нејзини текстови, објавена во почетокот на 1960тите години од страна на Бертрам Д. Волфи, насловена како: "Ленинизам или Марксизам?".

Волфи бил поранешен комунист, кој го напуштил комунистичкото движење за да си изгради академска кариера. Во неговата книга може да се најде една статија на Луксембург насловена како "Организациски прашања за руската социјал демократија", под нов наслов кој Волфи самиот го креирал: "Ленинизам или Марксизам?". Во оваа статија која датира од 1904 година, Луксембург го критикува Лениновото гледиште околу организацијата на револуцијата. Ова е вешто употребено да ја окарактеризира како "демократски настроен", "антиавторитарен", и "хуман" социјалист во спротивност на Лениновата "централизирана" и "авторитарна" позиција.

Она што Волфи испушта да го напомене е дека после Првата руска револуција во 1905 година, Роза Луксембург експлицитно потенцира дека критиката која ја насочува кон Ленин е нешто од минатото. Ова се нејзините автентични зборови кои таа ги пишува за Ленин и болшевиците по Октомвриската револуција во 1917 година:

"Болшевиците докажаа дека се способни да сторат сè што е потребно за една автентична револуционерна партија, во рамките на историските можности. [...] Во ова Ленин и Троцки, и нивните другари, беа први кои дадоа пример на пролетаријатот од целиот свет. [...] Ова е есенцијално за болшевичката политика. Во таа смисла, нивна е историската должност да чекорат на чело на пролетаријатот од целиот свет. [...]"

**Персонално и политичко**

Постојат голем број текстови на Роза Луксембург кои останува да бидат преведени, не само од полски на англиски, туку и од германски на англиски. Помеѓу оние кои се преведени и публикувани се и нејзините писма. Кратко по нејзината смрт беа публикувани писмата кои и ги праќа на Софи, жената на Карл Либкнехт, а по неколку години Луиз Каутски, сопруга на Карл Каутски и блиска пријателка на Луксембург, ги објавува нивните заеднички писма. Целта на ова објавување било да се негира јавното портретирање на Роза Луксембург од страна на владејачката класа, како "Крвавата Роза": ладнокрвен и циничен насилен фанатик; портрет кој беше создаден со цел да го оправда нејзиното убиство.

Со нивното објавување во јавноста требало да се покаже дека и во неа постоела емотивна и емпатична страна. Тие писма донекаде успеаа да го променат јавното мислење. Но, сликата со која ја прикажаа сепак беше еднострана. Тоа беше слика во која револуционерната Роза Луксембург исчезна. Бројни писма на Луксембург до Лео Јогишес, со кого живееше 15 години како партнерка, беа преведени и публикувани на полски од страна на Елзебиета Етингер, под наслов "Другарка и љубовница", во 1979 година. Во предговорот Етингер објаснува за потребата од селекција на преку 1000 писма помеѓу Роза и Јогишес, кои таа сакала да ги преведе. Според неа, постоеле три можности за класификација: писма поврзани со инволвираноста на Луксембург во Втората интернационала; нејзината инволвираност во германските и полските социјалдемократски партии; и нејзината лична врска со Јогишес.

"Додека првите две би биле богат материјал и лекција за европските, а особено полските, руските и германските движења, би ја прикажале Луксембург онака како што е денес прикажана – безлична. Третата опција би ни ја претставила досега непозната жена, чиј пол не го намалува нејзиниот политички статус, и чија политика не влијаела врз нејзиниот приватен живот. Исто така би го побил концептот дека жената не може да се реализира, без притоа да се откаже од љубовта."

Преведувачот се разбира, има право да преведува сè што сака. Но, Етингер не е единствената која ја акцентира Роза Луксембург како жена, наместо како револуционер. Таа сепак беше индивидуа. Прашање е дали би сакала да се објават нејзините лични писма до љубовникот?

Овој фокус на персоналното, целосно го засенува фактот дека Луксембург беше пред сè револуционер. Да, таа беше жена, беше еврејка, беше пољакиња. Но над сè, се гледаше себеси како дел од интернационалната битка на работничката класа за социјализам; борба која ги надминува сите други поделби.

Во писмо до Матилда Вурм, напишано на 28 декември 1916, кога Луксембург беше во затвор, пишува на тема да се биде човек:

"Што се однесува до мене никогаш не сум била ранлива, но последниве месеци се чувствувам цврста како челик, и не би направила ни најмала отстапка во иднина, ниту на политичко, ниту на персонално ниво.[...] Да се биде човек е најважно од сè, а тоа значи да си силен и чист, и без разлика на било што треба да си во добро расположение, зашто солзите се одлика на слабост. Да се биде човек значи да го фрлиш својот живот на брановите на судбината ако треба, да се радуваш на секој убав ден и секој убав облак. Не можам да ти кажам рецепт за тоа како треба да бидеш човек, едноставно знам. Светот е толку убав, без разлика на мизеријата, а би бил уште поубав ако во него не би имало кукавици."

Приказната за Роза Луксембург мора да се пишува исто онака како што треба да се пишува за секој голем револуционер: како

приказна за идеи и работа, без внесување премногу во чувствата и љубовниот живот.

**Еманципација**

Последниве години стана модерно Роза Луксембург да се нарекува социјалист феминистка. Зголемениот фокус на прашањето за жената е показател дека сме влезени во револуционерен период. Сѐ повеќе луѓе се интересираат за ова прашање и статус квото околу нееднаквоста и опресијата врз жената. Ова е доста позитивен развој на настаните.

Роза Луксембург целосно се залагаше за идејата за еднаквост помеѓу мажот и жената, и еманципација на жената како дел од еманципацијата на човештвото. Но таа никогаш не се нарекувала себе си феминистка. Да се нарече феминистка денес, е да се гледа на нејзиното дело преку денешна призма, призма која го извртува нејзиното автентично гледиште.

Како прво, Роза Луксембург многу малку има пишувано за женското прашање. Тоа не е затоа што го сметала за неважно, туку затоа што била преокупирана со други работи. По нејзиното пристигнување во Германија, раководството на Социјалистичката партија се обиде да ја насочи оваа млада и бунтовна девојка, чие присуство го сметаа за непријатно во нивните кругови, така што и' препорачаа да биде активна во женскиот отсек на партијата.

Луксемург веднаш одбива. Наместо тоа, се втурнува во сите големи дебати кои се случуваа во партијата. Беше жесток борец против буржоазијата и малограѓанското буржујско женско движење. Според неа, единствениот начин за комплетна еманципација на жената, беше преку класна борба на работничката класа за социјална револуција. Во оваа борба, буржоазијата не би била на страната на работничката класа.

Очигледно е дека Роза Луксембург е инспирација на многумина, и жени и мажи, низ целиот свет. Тоа е затоа што имала важна улога во интернационалното работничко движење, и покрај препреките на кои наидувала поради нејзиниот пол. Важноста на нејзиното дело како инспирација не смее никако да се обезвредне на база на нејзиниот пол.

Таа е голема инспирација, бидејќи била константно револуционерна, сѐ до нејзиниот крај. Ленин ја опишува како светол пример за репрезент на револуционерниот пролетаријат, и чист и автентичен марксист. Ова е тоа по што треба да биде запаметена – за нејзиното револуционерно наследство.

Ако некој сака да го промени светот, прво треба да го разбере. Тоа од нас бара да ја учиме историјата од предците. Револуционерната оставштина на Луксембург, е огромно богатство за сите нас кои сакаме да го промениме светот.

А пред да започнеме да учиме од нејзините искуства, ние мораме да го откриеме нејзиното вистинско наследство, отстранувајќи ги куповите изобличувања, погрешни прикажувања и препреки кои се напластиле врз него.

*Текстот е објавен во*
*„Во одбрана на марксизмот"*
*март, 2021 Мари Фредериксен*




## ПРИКЛУЧИ СЕ!

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Доколку сакаш да учествуваш во градењето на силите на марксизмот и работничката класа и сакаш да придонесеш за борбата на сопствената класа и изградбата на нов похуман свет, свет на еднакви луѓе, свет без експлоатација и угнетување, приклучи се на „Црвени“!

**Можеш да ни се приклучиш на било кој од следниве начини:**

Да не контактираш на некој од следните броеви:
**075/520-508**
**075/629-809**

На мејлот на „Црвени“:
**mo.crveni.mk@gmail.com**

На фејсбук страната на Нова Искра или на „Црвени“:
**@novaiskra.page**
**@m.o.crveni**

На контакт формата на вебсајтот:
**http://novaiskra.mk/**

*Капитализмот се покажа како антихуманистички систем, во кој сите слободи се жртвуваат на слободниот пазар и кој не познава други општествени интереси освен интересите на шака сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот е јасно дека во капитализмот на огромното мнозинство луѓе им следува само мизерија и робување на „работодавците“ заради обично преживување. Нема причина било кој работен човек да се согласи на такво нешто. Поинакво општество е можно и неопходно!*

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**

novaiskra.page novaiskra.mk

НОВА ИСКРА